РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 89-та седница одржана на 19.07.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1863/1 од 11.05.2021 година **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување, од причина што веќе постапил друг надлежни орган.

Предметот со број 12-1863/1 од 11.05.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 11.05.2021 година, поднесена е пријава против овластени правни лица за вршење технички преглед на моторни возила, при што оформен е предмет број 12-1863/1 од 11.05.2021 година. Во пријавата подносителот наведува дека за неговото патничко моторно возило при вршење на технички преглед во _______, поради пукнатина на ветробранското стакло бил подготвен Записник за неисправно возило, што за други возила за ист таков случај станицата за технички преглед утврдила дека се исправни, и истите можат да бидат предмет на регистрација. Дополнително во пријавата е наведено дека истата пријава е поднесена и до ________ ___ _________ __________- _____ ______ _____.

Во своето надлежно постапување по оформениот предмет, ДКСК побара од ________ ___ ________ _________ информација за тоа дали и како е постапено по предметната пријава. Од страна на ________ ___________ _________ доставен е одговор и од увидот во доставеното може да се заклучи следното:

Се потврдува фактот дека пријавата е поднесена и до ________ ___ ________ _________, и истата била препратена до Сектор за ______ _____ _____ за понатамошно постапување од причина што наводите се однесувале за овластени правни лица- станици за вршење технички преглед на возила од нивното подрачје. Од ___ ____ биле преземени мерки за расчистување на случајот при што бил извршен надзор и контрола согласно член 81 од Законот за возила над станиците за технички преглед во кои била направена регистрацијата над возилата и била утврдена следната состојба:

Наводите за Делот од пријавата кој се однесувал за неисправно регистрирано моторно возило автобус не биле основани, додека за другите наводи за нерегуларно регистрирано

моторно возило со сигурност немало можност да бидат потврдени или отфрлени од причина што станицата за технички преглед имала проблеми со хард дискот и чување на видео материјалите, по што за раководителот и управителот бил поднесен прекршок и забрана за вршење технички преглед на возила и утврден рок од 30 дена да бидат отстранети утврдените неправилности.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, од причина што за предметниот случај веќе било постапено од друг надлежен орган, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: П.Б
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**